**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Примено / Pranuar: 30.10.2019

| Орг. единица Njesia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 4755 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип

3. **Датум на извршување на надзорот:** 30 октомври 2019 година

**Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка јавна опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип беше извршен на 25.07.2019 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија” бр. 30/15), радиодифузерите се должни овие податоци второт пат да ги објават најдоцна до 30 јуни.

4. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка јавна опомена бр. 03-383 од 26.09.2019 година, по спроведен редовен административен надзор на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-3680/1 од 25.07.2019 година).

5. **Констатации од надзорот:** На 29.10.2019 година Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип достави до Агенцијата снимка од објавените податоци, од која е видно дека во целост ја исполнило обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***